PORTWEST®

114USP

CE1883

АДРЕСА НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ :
Portwest Limited, Westport, Co Mayo, Ireland

ИМЕ И АДРЕСА НА ОВЛАСТЕНОТО ТЕЛО СО ЕК СЕРТИФИКАТ:
ECS GmbH-European Certification Service
Augenschutz und Persönliche Schutzausrüstung, Laserschutz und Optische Messtechnik,
Hüttfeldstraße 50, 73430 Aalen, Germany
1883: Матичен број на нотифицираното тело

EN-166; EN 170; GS-ET-29;
(PS90, PS91)

NFPA 70E, ASTM F2178
(PS91)

MK | ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

ШТИТ ЗА ЛИЦЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНО ИСКРЕЊЕ • МОДЕЛИ: PS90, PS91

ВОВЕД:
Со штитникот за лицето на PORTWEST сте купиле Опрема за лична заштита (ППЕ) која ги минимизира ефектите од несреќа (електрично искрење) на очите и лицето, кога правилно се користи овој штит. Да бидат соодветно заштитени лицето и очите мора внимателно да го проучите ова упатство пред употреба!

1.ОПШТИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА
Да се користи од квалификувани лица според вашиот акт за проценка на ризик.Може да влијае на слободното движење на главата и полето на вид. Не го изложувајте штитот на сончева светлина. Не го користете за заварување.
Не го изложувајте на отворен оган долг период на време. Површина може да стане жешка кога е изложена на електромагнетно зрачење. Заменете го при изложеност на хемикалии, масла и лубриканти. Заменете го доколку се оштетени од механички дејства . Користете го само како комплет. Користете само оригинални резервни делови. Бидете сигурни дека вашето работно место е доволно осветлено. Несоодветно чување може да го намали нивото на заштита. Така, следете ги упатствата од Глава 8 - „Чување".

Следните предупредувања се стандардни предупредувања според EN 166:
Материјал кој може да дојде во контакт со кожата на носителот може да предизвика алергиски реакции кај осетливи поединци (ЗАБЕЛЕШКА: PORTWEST внимателно избира материјали и не се запознаени за каква било алергиска реакција досега.)
PORTWEST Штитот за лице заштитува од честички со висока брзина. Кога се носи над стандардните офталмолошки очила, тие можат да го пренесат влијанието, со што се создава опасност за носителите.Штитникот смее да се користи само за заштита од честички со голема брзина на собна температура.Штитникот смее да се користи само за заштита од честички со голема брзина на собна температура.

2.ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА
Штитникот за лицето на PORTWEST за електричено искрење, заедно со дополнителни соодветни ППЕ за ниво на заштита, го штити квалификуваниот корисник за време на работата под напон или кога престојува во близина на делови под напон. Штитникот за лицето на PORTWEST за електричен лак обезбедува безбедноста на очите и лицето, само доколку се користи правилно. Да не се користи штитникот за лицето на PORTWEST за заварување и не користете го / или не го чувајте во близина на изведба при заварување.
Штитник за лицето на PORTWEST за електричен лак обезбедува заштита за очите и за лицето против термички и механички опасности од електрично искрење само кога е целосно склопен со сите компоненти и се носи заедно со дополнителни соодветни ППЕ, определени според степенот на заштита.

3.УПОТРЕБА - ОПШТО
Секогаш проверете ги деловите на штитникот за лицето на PORTWEST за електричен лак пред употреба. Бидете сигурни дека штитовите на PORTWEST штитот се безбедно прицврстени држачите на зацврстете ги со затворачи на штитот на главата. Подесување на држачот на штитот е возможно, доколку е потребно.
ЗАБЕЛЕШКА: Заштитата за глава никогаш не може целосно да го замени шлемот за безбедност. Поради национални безбедносни правила и политики на компаниите во некои земји или компании користење на шлем е задолжително. Од истата причина, очилата за безбедност би требало да се носат под визирот.
ЗАБЕЛЕШКА: Електричниот лак / електричниот спој на високи енергии може да предизвика трајно оштетување на очите или други сериозни повреди.
ППЕ - Опремата за лична заштита треба да се смета како последна препрека, кога сè друго не успее. Да се употребува заштитна опрема со висок квалитет бидејќи најчесто вистинските несреќи создаваат повеќе енергија од претходно пресметаната проценка за опасност и ризик. Сепак, не треба да се работи под напон во услови, кои не можат да бидат заштитени со производи за заштита од Класа 2 при електричен лак. Штитниците за лицето на PORTWEST за електричен лак опишани во овој документ се производи од Класа 1 (PS90) и производи од Класа 2 (PS91).
И покрај фактот дека штитот на PORTWEST за електричен лак може да се намести во било која позиција, додека се работи на делови под напон или во близина на делови под напон (работа под напон), заштита може да се обезбеди, кога визирот е добро фиксиран.
Работната температура треба да биде помеѓу -5 ° C и 45 ° C
ЗАБЕЛЕШКА: PORTWEST штитници за лице за електричен лак се наменети за заштита на очите и лицето против механички и термички опасности од електрично празнење. Сепак, штитот не ги заменува препишаните очила, други ППЕ за очи и лице, респираторни маски или други ППЕ потребни за доволна заштита. Во некои земји или компании користењето на штитник за лицето е дозволено само во комбинација со очила за безбедност.

4.СТАНДАРДИ
Погледнете во етикетата на производот за подетални информации за соодветните стандарди. Се применуваат само стандардите и иконите што се појавуваат на производот и на информациите за корисникот подолу. Сите овие производи се во согласност со барањата на Регулативата (ЕУ 2016/425).
PORTWEST штитниците за лице за електричен лак се сертифицирани со EN 166: 2001 & 170: 2002, C.-ET-29: 2011-05, 58.118 (класа 1 тест на 135 kJ / м2, ~ 3,2 cal / cm2)
Тие се дизајнирани за да се исполнат ANSI Z87.1.

5.ОПИС за PS90 ARC Flash Визирот Класа 1
PORTWEST штитник за лицето PS90 е заштита од електричен лак од Класа 1 и VLT Класа 0 производи според GS-ET-29. Според EN 170 тие обезбедуваат максимална светлина и „подобро вопечатлива боја". Во нормални работни услови дополнително осветлување не е потребно. Сепак проверете ја видливост за боја пред да го користите овој производ под одредени работни состојби.
PORTWEST Arc Flash штитникот за лице PS90 со визир од Класа 1 за електричен лак се состои од штит за лицето со држач на закопчување.

5.1„CE" ОЗНАКИ
PS90 ARC Flash Визир Класа 1 : 2C-1.2 PW 1 B 8-1-0 3 CE 1883
2: УВ филтер
C: Подобрено препознавање на бои
1.2: Број на нијанси (>= 74,4% VLT)
PW: Код на производител (PORTWEST Ltd)
1: Оптичка класа
Б: Средно енергетско влијание (Тест со голема брзина, 6мм челична топката на 120 м / с на собна температура)
8-1-0: Отпорност на краток спој при електричен лак, лак за заштита Класа 1 (Отворен тест), светлина Класа 0 (VLT>= 75%), според GS-ET-29
3: Заштита од испрскување на течности
CE: CE ознака
1883: Матичен број на нотифицираното тело

5.2. Упатство за PS90 ARC Флеш Визирот Класа 1
Монтирање на PORTWEST електричен лак штитникот за лице PS90 ARC Флеш Визир Класа 1 само на кацига што е одобрена за заштита од светлина од електичен лак во максимално очекуваното ниво. Во случај на сомневање, контактирајте се со производителот на Вашиот шлем. Стегнете ги завртките, така што штит лакот лесно ќе може да се движи нагоре и надолу и безбедно да застане во било која позиција.
Инсталација за PS90 ARC Flash Визир Класа 1
Вметнете ги адаптерите (ножиња) на PORTWEST штитот за лице за електричен лак во додатокот на страните на шлемот. Ќе има звучен клик кога адаптерот е целосно легнат во седиштето од отворот на кацигата.

6. ОПИС - PS91 ARC Flash Визир Класа 2
Portwest PS91 ARC Flash Визир Класа 2 е заштита од лак Класа 2 и VLT Класа 1 производи според GS-ET-29 . Тие ја надминуваат спецификација од највисока класа за заштита од светлина од електричен лак според GS-ET-29 и се дизајнирани да се зголемат перцепцијата на боја и видлива светлина. За светлина на VLT класа 1според GS-ET-29 може да биде потребно дополнително осветлување. Проверете го вашето индивидуално препознавање на боја за вашата работна средина. Поради разликите во работна состојба Ве молиме имајте предвид ја потребата за дополнително осветлување (минимално осветлување од 30 лукс треба да се постигнат за PORTWEST штитникот од светлина), исто така проверете ја вашата перцепција за препознавање на бои пред да го користите овој производ во одредени услови на осветлување. Некои илуминации (на пример, LED сијалици) исто така може да го променат препознавањето на бојата.

6.1„CE" ОЗНАКИ
PS91 ARC Flash Визир Класа 2: 2C-1.4 PW 1 B 8-2-1 3 CE 1883
2: УВ Ффлтер
C: Подобрено препознавање на бои
1.4 : Број на сенки (74,4% > VLT > 58,1%)
PW: Код на производител (PORTWEST Ltd)
1: Оптичка класа
Б: Средно енергетско влијание (зголемување на стабилноста (S) + положен висок тест со челична топка од брзина од 120 m / s)
8: Отпорност на краток спој при електричен лак
2: Класа 2 поминат отворен тест од 423 kJ/m² ~ 10,1 cal/cm² според GS-ET-29
1: Класа 1 на трансмисија (50% =<VLT <75%), според GS-ET-29
3: Заштита од испрскување на течности
CE CE Знак
1883: Матичен број на нотифицираното тело

7. ОДРЖУВАЊЕ И ЧИСТЕЊЕ
Чистење и проверка на PORTWEST Arc Flash штитот за лицето пред секоја употреба. Исчистете го со влажна крпа, доколку не е многу валкан. Во случај на многу валкан исчистете го со благ сапун и вода и исушете го со тапкање со сува крпа. Доколку е потребно подлабинско чистење и инспекција, расклопете го штитот за лице на PORTWEST од рамката на шлемот или капата, во зависност од моделот на производ, и ослободете го заштитник за брадата. Бидете сигурни дека пред користење сите компоненти се повторно правилно поставени.!

8.НАЧИН НА ЧУВАЊЕ
За најдобри резултати чувајте го штитот за лице на PORTWEST Arc Flash во заштитната торба која се што се користи од PORTWEST како оригинално пакување. (ЗАБЕЛЕШКА: Разни други материјали за пакување содржат растворувачи кои можат да се намалат нивото на заштита.) Чувајте го подалеку од сончева светлина во чиста, сува средина. Температурата на складирање треба да биде помеѓу 0 ° C и 35 ° C.
Не го изложувајте на лачно заварување.

9.ОДРЖУВАЊЕ, ПОПРАВКА И ЗАМЕНА
PORTWEST Arc Flash Face штитот за лице мора да биде заменет, ако:
Доколку е изгребан или оштетен
Бил изложен на блиц од лак
Бил изложен на хемикалии, масла и лубриканти
Доколку е оштетен од механички дејства
Го достигнал нормалниот животен век
Доколку бил изложен на висока топлина или долго време изложен на сончева светлина
Доколку бил изложен на оган подолг временски период
ВНИМАНИЕ: Заштитата за очите и лицето против термички и механички опасности може да се обезбеди само со користење на Portwest оригинални компоненти.
РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ: Резервните делови не се на располагање

10. КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОВЕРКА И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРАЈОТ НА ВЕКОТ НА ТРАЕЊЕ
Прегледајте и заменете ги сите оштетени компоненти. Никогаш немојте повторно да ги користите Portwest штитниците за лице за заштита од електричен лак доколку се користени кога дошло до инцидент со елективен лак или е исполнет било кој критериум за замена. Portwest штитниците за електричен лак се произведени со користење на висококвалитетни материјали и производни процеси и се дизајнирани за долготрајна употреба (5години).Сепак, како и секој друг производ направен од пластика или пластични маси ,на него влијаат типични комбинации на секојдневни работни фактори , како што се UV зрачење , контакт со масла и лифриканти, гребаници и механичко влијание како и на сите пластични производи.Заради тоа, Portwest препорачува замена на штитникот во случај на исполнување на еден од критериумите за замена наведен во поглавјето 8. Од безбедносни причини, од корисникот се бара да го прати времето на употреба и да го земе во предвид времето кога треба безбедно да се замени. Ова е општа безбедносна препорака и независна од технологијата на заштита од лак.

11.ПРОЦЕНКА НА ОПАСНОСТА
Со цел да изберете соодветна заштита за за очи и за лице, опасностите и ризиците треба да бидат проценети од добро обучени експерти. Заштитата за очи, лице и / или штитот за глава никогаш не треба да се користат во средини со повисок рејтинг на ризик од рејтинг на заштита наведени на ознаката. Според оваа проценка на ризик за опасност, PORTWEST Arc Flash штитот за лицето се комбинира со дополнителна заштитна ППЕ опрема како шлемови, облека, ракавици, итн.
Несоодветната употреба на штитот, на пример, во поголема електролачна изложеност, може да предизвика сериозни оштетувања на животот и здравјето на корисникот.

12. ОГРАНИЧУВАЊА - ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
Доколку не се следат овие упатства може да доведе до трајно оштетување на очите или други сериозни повреди.

Преземи декларација за усогласеност @ www.portwest.com/declarations